# ПЕЛАГОНСКИ
# КУЛТУРНО - НАУЧНИ СРЕДБИ



## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

## 18

- НОВАЦИ, 2022-

НОВАЦИ, 2023

**Издавач:**
Пелагонски-културно-научни средби – Новаци

**За издавачот:**
д-р Весна Калпаковска

**Главен и одговорен уредник:**
д-р Весна Калпаковска

**Редакција**
Ѓорѓи Лазаревски
Трајан Митровски
Биљана Т. Димко

**Лектура и коректура:**
Трудовите се лекторирани од самите автори

**Компјутерска обработка**
д-р Весна Калпаковска

Новаци, 2023

CIP - Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

821.163.3.09(062)
061.7:316.7(497.774)"2022"(062)
061.7:001(497.774)"2022"(062)

ПЕЛАГОНСКИ културно-научни средби Новаци : зборник на трудови 18 : Новаци 2022 / [главен и одговорен уредник Весна Калпаковска]. - Новаци : Пелагонски-културно-научни средби, 2023 (Битола : „Графо Пром"). - 223 стр. : илустр. ; 24 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-66686-5-5

а) Пелагонски културно-научни средби -- Новаци -- 2022 -- Собири б) Македонска книжевност -- Собири

COBISS.MK-ID 61620485

Печатењето на Зборник на трудови 18 е поддржано од општина Новаци. Советот на Пелагонските културно-научни средби ја искажува својата срдечна благодарност.

## СОДРЖИНА

Предговор кон Зборник на трудови бр. 18. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 5

СВЕЧЕН ДЕЛ

**Весна Калпаковска**

Пригодна реч кон 22 Пелагонски културно-научни средби . . . . . . . . . . . . 9

**Стевче Стевановски**

Обраќање кон 22 Пелагонски културно-научни средби . . . . . . . . . . . . . . 11

ДОБИТНИЦИ НА ПРИЗНАНИЈА

**Весна Калпаковска**

Славе Николовски Катин – добитник на Повелбата за животно дело . . . .14

**Биљана Т. Димко**

Виктор Бивел – добитник на наградата Златен клас за македонски вознес . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 18

**Васко Гичевски**

Свртени кон делото – историјата во делата на Стале Попов. . . . . . . . . . 20

ИСТОРИЈА, ГЕОГРАФИЈА, ЕТНОГРАФИЈА, СТОПАНСТВО

**Душан Б. Симиќ**

Белешки за територијата на денешна Република Северна Македонија во кратките византиски хроники . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 27

**Борис Ангелков, Лилјана Дојчиновски, Сашо Стојановски**

Историја на ветеринарната медицина и сточарството во Р.С. Македонија, со посебен осврт на Пелагонискиот регион, ветеринарната и сточарската дејност во битолската ветеринарна област за време на фашистичко-бугарската окупација во текот на Втората светска војна (1941-1944)…………………………………………………………………… 37

**Евгениј Литовски**

Пренесувањето на моштите на Гоце Делчев од Софија во Скопје и откривањето на неговиот споменик . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 52

**Никола В. Димитров**

Услови и можности за развој на планински туризам во општина Новаци. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .57

**Цане Котески, Никола Димитров**

Етнографските и социјалните туристички мотиви како фактор за развој на туризмот во Република Северна Македонија . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 66

ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА, ПСИХОЛОГИЈА, ЕКОНОМИЈА, ОПШТЕСТВО

**Снежана Алексиќ Станојловиќ**
Современото творештво за деца и млади денес . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 75
**Осман Кадриу**
Гаранција на човековите права и Уставот на Република Северна Македонија. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 79
**Марија Котевска Димовска, Валентина Димовска, Гоце Маркоски**
Психологија на конфликти и менаџирање со конфликти во организации. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 92
**Христијан Аџиоски**
Дијалектните карактеристики во приказните на Цепенков. . . . . . . . . . 103
**Славе Николовски Катин**
Сонја Лозановска – поетеса, публицист, естраден уметник и главен уредник на весникот „Македонија“ во Торонто. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 111
**Димитар Ѓорѓиевски, Аница Ѓорѓиевска**
Ликот и делото на Павле Павлевски. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 118
**Никола В. Ристевски**
Меѓу животот и глумата – кон ликот и делото на Аџо Стефановски. . . .127

## УМЕТНИЧКИ И КНИЖЕВНИ ЗАПИСИ

**Ѓорѓи Лазаревски**
Покрстување . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .133
**Васил Тоџиновски**
Тврдокорниот пелагониски човек на Добре Тодоровски – со примери од книгата раскази „Да беше поинаку“ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 143
**Јованка Д. Денкова**
Адолесцентскиот роман „Името ми е Вивиен Ли“ од Горјан Петревски – мозаик на сите лица на младоста и животот . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 148
**Петре Димовски**
За статијата „На патот за Битола“ од Херберт Кореј . . . . . . . . . . . . . . . . .162
**Вера Стојчевска Антиќ**
Навраќање кон Ѓорѓи Лазаревски со најновото дело „Јана“. . . . . . . . . . . 170
**Златко Жоглев**
Етички особини на женските ликови Јана и Рамона во книгата раскази „Јана“ од Ѓорѓи Лазаревски . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .174

## ПРОЗНИ ЗАПИСИ

**Божин Андоновски**
Незаборавни сеќавања. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 181
**Јован Ѓуровски**
Што му е човеков, мајко?! . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 190
**Ѓорѓи Прчков**
Разговор со дедо ми

*Извадок од романот „Рѓосани“* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 194
**Билјана Тодоровска**
Кој прв избега? . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 207

ПОЕЗИЈА -
КОПРИНЕНИ НИШКИ ОД ДУШАТА

**Гордана Димовска**
Букви. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 213
**Бисера Ѓуровска**
Дедо раскажува. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 214

IN MEMORIAM – Академик Владимир Костов. . . . . . . . . . . . . . . . . . 217

# ЕТНОГРАФСКИТЕ И СОЦИЈАЛНИТЕ ТУРИСТИЧКИ МОТИВИ КАКО ФАКТОР ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

[1]Цане Котески редовен професор, Факултет за Туризам и бизнис логистика – Гевгелија, Универзитет ,,Гоце Делчев"- Штип;
[2]Никола В. Димитров редовен професор, Факултет за Туризам и бизнис логистика – Гевгелија,Универзитет ,,Гоце Делчев"- Штип;

**Апстракт:**

Во научниот труд ќе бидат презентирани етнографските и социјалните туристички мотиви како фактор за развој на туризмот во Република Северна Македонија со посебем осврт на народните носии, фолклор, народни ора и песни, народните игри, свадбарските свечености, бројните народни обичаи, занаетчиството и традиционалните занаети, екстериерот и ентериерот на македонската куќа, употребата на каменот, ќерпичот и дрвото како градежен материјал, традиционалната македонска гастрономија со големиот број на специјалитети на македонската кујна и пијалоци.

**Клучни зборови:** туризам, носии, фолклор, градежни материјали, македонска гастрономија.

**Abstract:**

The scientific paper will present ethnographic and social tourist motives as a factor for tourism development in the Republic of Northern Macedonia with a special focus on folk costumes, folklore, folk dances and songs, folk dances, wedding ceremonies, numerous folk customs, crafts and traditional the exterior and interior of the Macedonian house, the use of stone, adobe and wood as a building material, the traditional Macedonian gastronomy with the large number of specialties of the Macedonian cuisine and drinks.

**Keywords:** tourism, costumes, folklore, building materials, Macedonian gastronomy.

**Вовед:** Република Северна Македонија се наоѓа во срцето на Балканскиот Полуостров, па и оттаму во народното и културното богатство покрај македонскиот народ  застапени се и другите етнички заедници.

***Сето ова се забележува преку:***

- старото народно традиционално градежништво,

- стопанската активност,
- народната исхрана,
- народните носии,
- народниот фолклор на песни и ора и друго.

## 1. Носии

Република Северна Македонија има богата ризница на етнолошка збирка од народни носии од сите краеви и етнички заедници.

**Табела 1.** Приказ на најкарактеристичните народни носии во РС Македонија

| Народна носија, област, крај | | Машка носија | Женска носија |
|---|---|---|---|
| **Рекански крај** | Реканска или Мијачка носија | **Машка носија:** бели бечви, тешко ќепе или забанче. | **Женска носија:** Украсена кошула со црвен конец, елек со златни петлици и срма. |
| **Мариовски крај** | Во прилепско, битолско и кавадаречко Мариово | **Машка носија:** облека од бел шајак | **Женска носија:** Има многу украси особено сагиите со црвени реси и невестинските нетопи за на главите. |
| **Гевгелиски крај** | Познат е по Русалиската носија, жените ја украсуваат главата со цвеќе. | | |
| **Скопска Црна Гора** | Се простира на планината Скопска Црна Гора | **Машка носија:** бели гаќи преку кои се носи бела ѕвонеста кошула, која се опашува со широк црвен појас | |
| **Дримколски крај** | Има посебен колаж од народни носии | | **Женска носија:** забан, џубе, извезена кошула и кошулче, на главата има убрус или марама со интересни елементи. |
| **Албанска народна носија** | Исклучиво ја носи албанската етничка заедница | **Машка носија:** на главата носат keче, во струшко е плоснато а во полошко е округло, елек и бели шалвари. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **турска народна носија** | Карактеристична е за турската етничка заедница | **Машка носија:** на главата носат фес и црна капа. | **Женска носија:** има колоритна носија, |
| **Влашка народна носија** | Карактеристична е за влашката етничка заедница | **Машка носија:** во Македонија носи црна облека | **Женска носија:** во Македонија носи набран фустан со голем струк, капа на главата и тетовиран крст на челото помеѓу веѓите |

Извор: Стојмилов, А. (1993), Туристичка географија, Просветно дело, Скопје, стр. 121 – 122



**Слика 1.** Приказ на разни носии од разни региони во РС Македонија

## 2. Фолклор, ора и песни

Во сите региони од Република Северна Македонија постојат доста интересни народни песни и ора, што го отсликуваат секојдневниот живот во народниот мелос.

Овие етнографски елементи, имаат големо естетско значење како за домашните така и за странските гости.

***Народните ора доста се интересни во:*** Пелагонија, Мариово, Дримкол, Скопска Црна Гора, Осоговијата и Повардарјето.

***Како најпознати ора во нашата држава се:*** Комитското, Тешкото, Калајџиското, Пајдушкото, Арамиското, Невестинското и др.

***Од народните игри во*** гевгелискиот крај доста интересни се русалиските игри со дрвени сабји и секири, играат само машките.

***Од свадбарските свечености*** вреди да се спомени Галичката свадба која секоја година се одржува на ден Петровден (12 јули 7).

***Покрај песните и ората, овде припаѓаат и бројни народни обичаи*** со кои уште повеќе се збогатува туристичката карта на нашата држава.

**3. Занаети и слично**

Нашата држава изобилува со стари занаети, тие занаети треба јавно да се презентираат пред домашните и странските гости.

***Од традиционалните занаети би ги издвоиле:*** резбарските производи, дрворез, иконите, кујунџии, кувенџиство, казанџии, изработка на разни ракотворби од ткаенини (предење, валање, плетење, везење, ткаење-теписи, прекривки, черги и сл.), грнчарски производи, изработка на буриња, ѕвонци, метли, налани и друго.




**Слика 2.** Разни занаети и сувенири во РС Македонија

Следниве видови традиционални изработки имаат потенцијал да бидат изработувани како сувенири и можат да бидат инкорпорирани - вклучени во предложениот Центар за рачни изработки, каде предметите се изработуваат пред гостите, а самите производи можат да се продаваат.

***Традиционалниот квалитет и препознатливите карактеристики на дел од традиционалните занаети сè уште постои во дел од старите чаршии во неколку градови, пример во:*** Крушево, Охрид, Берово и Кратово.

***А речиси замреле во:*** Битола, Скопје, Прилеп и други места.

Овој тип занаетчиство главно се карактеризира со комерцијалните предмети, главно применливи во производството и чувањето алкохолни пијалаци (буриња, итн.) и оние што се користат како сувенири и имаат карактеристичен изглед.

Впечатокот кај гостите ќе биде уште подобар, ако тие може да го видат процесот на создавање на овие производи. Треба да се земе предвид отворање на занаетчиски центар во еден од главните туристички центри, каде што занаетчиите ќе бидат поканети да дојдат и да создаваат производи што ќе се продаваат во центарот.

Центарот треба да биде малопродажен пункт и за другите занаетчии и центар каде што ќе се промовира квалитетот и ќе се тестира маркетингот.

### 4. Екстериер и ентериер на македонската куќа

Градителското наследство во РС Македонија датира уште од најстари времиња и истото претставува особен интерес за туристите.

Имено, во повисоките планински делови како градежен материјал се применува *каменот*, а во пониските рамничарски делови *непечената тула (ќерпич).*

***Типични примери за употреба на каменот како градежен материјал се куќите во селата***: Галичник, Лазарополе, Гари, Тресонче, Селата од областа Река, Дебарца, Смилево - Демир Хисар, Витолиште, Старавина - Мариово, Самоков, Манастирец - Повречие, Брајчино, Љубојно - Преспа, Маловишта, Цапари – битолско и др.

***Додека пак, типични станбени градби од ќерпич има во рамничарските делови на***: скопско, пелагониско, дебарско, тетовско, велешко, струмичко, кочанско и други средини.




**Слика 3.** Слики од разни видови на македонски куќи

***Друг елемент за градителското наследство во РС Македонија е присуството на дрвото во***: покривните конструкции, ѕидовите, балконите, чардаците, скалите, еркерот (соединување на естетскиот изглед на фасадата и функционалните особини) и на други места.

***Типични примери се куќите во селата***: Нерези, Модрич, Луково, Јабланица - Дримкол, Вевчани - струшко, Железнец – Демир Хисар, Ново Село – штипско, Габрово и Киселица – делчевско и други населби.




**Слика 4.** Употреба на дрвото како градежен материјал кај македонската куќа

## 5. Традиционална гастрономија

Исхраната на просторот на РС Македонија е специфична и со долга традиција и разновидност.

***Од големиот број специјалитети на македонската кујна кои им се нудат на странските туристи би ги издвоиле:*** „пастрмка на охридски начин", „јагула на струшки начин", „прилепски ширден", „битолска шкембе чорба", „штипска пастрмалија", „преспански крап", „дојрански крап", „овчеполска пастрмалија", „кумановска пивтија", „вардарско грне", „беровско сирење", „кочански пилав", „македонска турли-тава", „македонски ајвар", „македонско тавче–гравче", „македонска мусака" и многу други.



**Слика 5.** Специјалитети од македонската кујна: од лево кон десно охридска пастрмка, прилепски ширден и штипска пастрмалија

***А од пијалаците би ги спомenале:*** „македонски вина", „македонска лозова", „сливова ракија", „струмичка мастика", „кавадаречка ракија", „неготинска ѐжта", „тиквешко црвено" и слично.



**Слика 6.** Македонски традиционални пијалаци (вино и ракија).

**Заклучок:**

Во Република Северна Македонија постојат солидно добри услови за развој на Етнографските и социјалните туристички мотиви изразени преку:

- старото народно традиционално градежништво,
- стопанската активност,
- народната исхрана,
- народните носии,
- народниот фолклор на песни и ора и друго.

Етнографските и социјалните туристички мотиви се многу важни и значајни во привлекувањето како на домашни така и на странски туристи во РС Македонија.

**Литература:**


- Аврамоски, М.(1994). Маркетинг великих манифестација, Докторска дисертација, Економски факултет, Загреб.
- Dimitrov, Nikola and Koteski, Cane. (2016). Spatial planning. LAP Lambert Academic Publishing Gmb H&Co.KG, Saarbrucken, Germany,, Saarbruken Germany. ISBN 978-659-83361-8;
- Dimitrov, Nikola and Taskov, Nako and Koteski, Cane and Mitreva, Elizabeta and Metodijeski, Dejan and Angelkova, Tanja and Josheski, Dushko and Filiposki, Oliver (2018). Transformation of Tourism in the Republic of Macedonia in the last 100 years.International Journal of Humanities Social Sciences and Education (IJHSSE), 7 (09). pp. 9-13. ISSN 2349-0373 (Print)/2349-0381;
- Dimitrov, Nikola and Koteski, Cane and Jakovlev, Zlatko and Taskov, Nako and Metodijeski, Dejan and Mitreva, Elizabeta and Magdinceva Sopova, Marija and Josheski, Dushko and Boskov, Tatjana and Angelkova, Tanja and Filiposki, Oliver.(2019). Regional historical – geographical overview of tourism in the Republic of Macedonia. SocioBrains, International scientific refereed online journal with impact factor (54). pp. 103-113. ISSN 2367-5721
- Котески, Ц., Димитров, В. Н.(2019). Национална туристичка географија ,Универзитет „Гоце Делчев"-Штип, ISBN978-608-244-641-7
- Панов, М.(1976). Географија на Македонија, Просветно дело, Скопје.
- Панов, М.(1993). Селата во Република Македонија, Скопје.